ПРЕЛИМИНАРЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ПРОЕКТ ПАЛЕОЛИТОТ ВО ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА
СОНДАЖНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПАЛЕОЛИТСКИОТ ЛОКАЛИТЕ УЗУН МЕРА
СЕЛО МУСТАФИНО

Во Декември 2020 се истражуваше сонда 7 (во континуитет од претходните години), која се наоѓа во зона 1, К.П. 841/2, координати (N 41.834753 E 22.063500). Сонда 7 е со димензии 2x2м по страните на Светот. Беше истражена стратиграфија од вкупна длабочина од 1.1 м и слично на претходните сезони беа констатирани два основни слоја. Слој 1 (до длабочина од 0.5м) е темно кафена глинеста смолница. Во оваа сонда, во овој слој не беа откриени наоди, иако тоа не беше случај со претходните сонди. Преминот во слој 2, кој претставува светла кафено-сива нешто по ровка земја богата со варовник, е постепен, односно нема јасна граница помеѓу двата слоја. На овој граничен дел (длабочина од 0.4 до 0.6 м) обично се наоѓаат артефакти во најголема концентрација. Во овој случај, на длабочина од 0.62 м, откривме две јадра, од кои едното целосно искористено. Слој 2 продолжува во длабочина со постепено зголемување на концентрацијата на варовник, кој од 0.8м преминува во ситни бели гранули. На длабочина од 0.85м откривме уште еден камен артефакт за чија подетална идентификација е потребна подетална анализа. Поради отсуство на наоди, и според досегашните сознанија за стратиграфијата, на длабочина од 1.1 м завршивме со истражување.
Оваа година исто така започнавме паралелно со ископувањето и точно геолоцирање на индивидуалните артефакти кои ги откриваме на површината на околните ниви. За оваа година успеавме да лоцираме над дваесетиан камени орудија кои ќе влезат во списокот на посебни наоди, кои имаат значење за проучување на техно-типолошките карактеристики на камената индустрија на *Homo neanderthalensis* од Средниот Палеолит во централниот дел на Овче Поле.



Сонда 1 пред отпочнување со работа



Сонда 1 во текот на истражувањето



Сонда 1 по завршувањето со археолошкото истражување




Цртеж на артефакт